Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

03-100/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] со застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] од [redacted] генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за делумно прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-100/1 од 18.01.2024 година, од подносител [redacted] со застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] ДЕЛУМНО се прифаќа во врска со следните информации:
   - „зошто не е постапено и не е донесен одговор по претставката во законски утврден рок од 30 дена од денот на поднесување на претставката, зошто во одговорот на претставката не е наведено под која точка на дневен ред на 339-та седница на советот се донесени заклучоците, зошто не е наведен со име и презиме предметниот инспектор кој ги проверил сите наводи во претставката, зошто во одговор на претставката не се поединечно опишани наводите за кои истакнувате дека не се основани и зошто не е образложено поради што, истите не се основани бараме образложение по истото"
2. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-100/1 од 18.01.2024 година од подносител [redacted] со застапник/полномошник на барателот на информацијата адвокат [redacted] се ОДБИВА во врска со следната информација:
   - „бараме да донесете соодветно писмено Решение со кое соодветно ќе ја наведете изреката, образложениeто и правната поука, со кое ќе дадете појаснувања" и „исто така во одговорот на претставката не е наведено дали е побарано одговор и изјаснување во врска со наводите во претставката од страна на Државниот управен инспектор Ана Попова и нејзиното изјаснување односно е утврдено дека тоа што го навела во одговорот при нејзиното првобитно постапување е побиено од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка од втор степен и е наложено на Министерство за Правда да донесе Решение како реален управен акт а не Известување за кое инспекторот Ана Попова навела дека претставува реален акт а воедно

истата истапила од своите надлежности, бидејки одлучувала за материјално право а не за фактичка состојба, со кои тврдела дека Министерство за Правда исправно донело Известување поради кое не можело соодветно да се постапи бидејки станува збор за правна празнина, а со таквото незјино постапување за подносителот предизвикало зголемување на неговите материјални трошоци за ангажирање на адвокат плакање на судски такси и други трошоци за водење на дополнителни постапки пред други надлежни органи"

## О б р а з л о ж е н и е

На 18.01.2024 година, [redacted], со застапник/полномошник на барателот на информацијата: [redacted], до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-100/1 од 18.01.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена на увид, препис, фотокопија и електронски запис, следната информација:

1. Бидејќи лицето Јасна Младеновска од Инспекцискиот совет има поднесено претставка за неправилности во работењето на Државниот управен инспектор Ана Попов во однос на службениот документ Ип1 бр.09-159 од 20.03.2023 година која во Инспекцискиот совет е заведена под Арх.бр. УПП16-411/2023 од 29.11.2023 година. На ден 12.01.2024 година преку електронска пошта на подносителот Јасна Младеновска и е доставен одговор на претставка донесен од Инспекцискиот совет на 11.01.2023 година во кој одговор најпрвин не е јасно дали иницијално е отфрлена претставката или по неа инспекцискиот совет постапувал и ја одбил како неоснована, исто така се наведува дека на 339-та седница на инспекцискиот совет одржана на 11.01.2023 година се донесени заклучоци и од севкупната анализа е утврдено дека предметниот инспектор ги проверил сите наоди од претставката и отука произлегува дека наодите не се основани. Затоа бараме да донесете соодветно писмено Решение со кое соодветно ќе ја наведете изреката, образложението и правната поука, со кое ќе дадете појаснувања и ќе ги дадете следниве одговорите на следниве прашања, пред се зошто не е постапено и не е донесен одговор

по претставката во законски утврден рок од 30 дена од денот на поднесување на претставката, зошто во одговорот на претставката не е наведено под која точка на дневен ред на 339-та седница на советот се донесени заклучоците, зошто не е наведен со име и презиме предметниот инспектор кој ги проверил сите наводи во претставката, зошто во одговор на претставката не се поединечно опишани наводите за кои истакнувате дека не се основани и зошто не е образложено поради што, истите не се основани бараме образложение по истото, исто така во одговорот на претставката не е наведено дали е побарано одговор и изјаснување во врска со наводите во претставката од страна на Државниот управен инспектор Ана Попова и нејзиното изјаснување односно е утврдено дека тоа што го навела во одговорот при нејзиното првобитно постапување е побиено од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка од втор степен и е наложено на Министерство за Правда да донесе Решение како реален управен акт а не Известување за кое инспекторот Ана Попова навела дека претставува реален акт а воедно истата истапила од своите надлежности, бидејки одлучувала за материјално право а не за фактичка состојба, со кои тврдела дека Министерство за Правда исправно донело Известување поради кое не можело соодветно да се постапи бидејки станува збор за правна празнина, а со таквото незјино постапување за подносителот предизвикало зголемување на неговите материјални трошоци за ангажирање на адвокат плакање на судски такси и други трошоци за водење на дополнителни постапки пред други надлежни органи. Доколку свесно и одговорно и во законски рамки соодветно не постапите по претставката и не дадете целосни, недвосмислени податоци, наводи и објаснувања на основот по кој постапувате и ги носите заклучоците подносителот на пријава ќе биде приморан своите права и надомест на непотребно предизвиканите трошоци да ги остварува во соодветна управна, ѓраганска а ако биде потребно и кривична постапка.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави по пошта, телефон и е-маил на посочената е-адреса ([redacted]).

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, Ве информираме за следното:

1. Во однос на прашањата „зошто не е постапено и не е донесен одговор по претставката во законски утврден рок од 30 дена од денот на

поднесување на претставката, зошто во одговорот на претставката не е наведено под која точка на дневен ред на 339-та седница на советот се донесени заклучоците, зошто не е наведен со име и презиме предметниот инспектор кој ги проверил сите наводи во претставката, зошто во одговор на претставката не се поединечно опишани наводите за кои истакнувате дека не се основани и зошто не е образложено поради што, истите не се основани бараме образложение по истото“ Ве информираме дека претставката со број УПП 16-411/2023, поднесена по електронски пат од Јасна Младеновска (jasna.mladenovska@yahoo.com) е примена во Инспекцискиот совет на 23.11.2023 година. На 29.11.2023 година, Инспекцискиот совет до Државниот управен инспекторат достави Барање на податоци за постапување, со што побара од истиот да ги достави податоците за постапувањето од нивна страна по предметот (сите составени и донесени инспекциски акти, копии од акти кои се земени во предвид при утврдување на фактичката состојба), како и детално да се произнесат во однос на наводите од претставката. Истиот ден е доставен и одговор до подносителот на претставката, а на 01.12.2023 година е доставен Одговорот во скенирана форма по електронски пат на истата е-маил адреса, односно 9 (девет) дена од пристигнувањето на претставката број УПП 16-411/2023 од 23.11.2023 година, што е во рамките на предвидениот рок од 15 дена за постапување по претставки и предлози, односно 30 дена за посложени предмети. До Инспекцискиот совет на 13.12.2023 година од страна на Државниот управен инспекторат е доставено известување со во врска со нашето барање на податоци за постапување за предметот - претставката со број УПП 16-411/2023. Инспекцискиот совет на својата 339-та редовна седница одржана на 11.01.2024 година, во однос на Точка 3: Информација по претставка УПП16-411 од 23.11.2023 година - Област 6 – Управа, го донесе следниот заклучок: - Од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето на Државниот управен инспектор, е утврдено дека предметниот инспектор ги проверил сите наводи од претставката и оттука произлегува дека наводите не се основани при што истата се смета за затворена. Дополнително, како дел од одговорот во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот од “ИНФОРМАЦИЈА Претставка против инспектор од Област 6 - Управа“, со арх.бр. УПП 16-411/2023 од 11/01.2024 година;

2. Во однос на прашањата „бараме да донесете соодветно писмено Решение со кое соодветно ќе ја наведете изреката, образложениeто и правната поука, со кое ќе дадете појаснувања“ и „исто така во одговорот на

претставката не е наведено дали е побарано одговор и изјаснување во врска со наводите во претставката од страна на Државниот управен инспектор Ана Попова и нејзиното изјаснување односно е утврдено дека тоа што го навела во одговорот при нејзиното првобитно постапување е побиено од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка од втор степен и е наложено на Министерство за Правда да донесе Решение како реален управен акт а не Известување за кое инспекторот Ана Попова навела дека претставува реален акт а воедно истата истапила од своите надлежности, бидејки одлучувала за материјално право а не за фактичка состојба, со кои тврдела дека Министерство за Правда исправно донело Известување поради кое не можело соодветно да се постапи бидејки станува збор за правна празнина, а со таквото незјино постапување за подносителот предизвикало зголемување на неговите материјални трошоци за ангажирање на адвокат плакање на судски такси и други трошоци за водење на дополнителни постапки пред други надлежни органи" Ве информираме дека согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности." Согласно наведеното, имателот на информации не е должен да создава нова информација, или да презема дополнителни дејства од своја надлежност, за да го задоволи Барателот во однос на неговото поднесено Барање на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно информацијата која е предмет на Барањето е информација која не се создадава од страна на Советот, ниту информација со која Советот располага. Дополнително, Ве информираме дека Советот по однос на постапувањето со претставки и предлози не издава решенија, туку за истите одлучува со Заклучок на седница на Совет и за истото го известува подносителот на претставката.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор